**20211502467**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јуни 2021 година.

Бр. 08-3123/1
30 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК

Член 1

Во Законот за субвенциониран студентски оброк („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 31/20), во член 2 став 1 точката 3) се брише.

Член 2

Во член 3 ставот (2) се брише.

Член 3

Членот 4 се брише.

Член 4

Членот 5 се менува и гласи:

„(1) Субвенционирањето на студентски оброк се врши во точно утврдени периоди од годината и месецот.

(2) Правото за субвенциониран студентски оброк корисникот не може да го остварува во периодот од 1 јули до 14 септември во годината во која се стекнал со правото на субвенционирање на студентски оброк, како и за време на државни, верски празници и неработни денови.“.

Член 5

Членот 6 се брише.

Член 6

Членот 7 се брише.

Член 7

Во член 10 во ставот (3) зборот „Одделението“ се заменува со зборот „Министерството“.

Член 8

Во член 11 во ставот (1) зборот „Одделението“ се заменува со зборот „Министерството“.

Алинејата 3 се брише.

Во алинејата 4 зборвите: „или број на мобилен телефон за известување за правото на користење и начинот на работа на системот на субвенциониран студентски оброк врз основа на согласност на корисникот на субвенциониран студентски оброк“ се бришат.

Алинејата 7 се брише.

Во став (2) зборот „Одделението“ се заменува со зборот „Министерството“.

Ставовите (3), (4) и (5) се бришат.

Член 9

Членот 12 се менува и гласи:

„(1) Министерството врши исплата на средствата за користење на правото на субвенциониран студентски оброк на трансакциската сметка која корисникот ја има пријавено во пријавата за стекнување на правото.

(2) Исплатата се врши првиот работен ден во месецот во износ еднаков на бројот на субвенционирани оброци, на кои студентот има право месечно.“.

Член 10

По членот 12 се додава нов член 12-а, кој гласи:

„Член 12-а

(1) Примената финансиска поддршка за користење на правото на субвенциониран студентски оброк не се оданочува со данок на доход согласно со Законот за данок на личен доход.

(2) Примената финансиска поддршка за користење на правото на субвенциониран студентски оброк е изземена од извршување спрема корисникот по кој било основ.“.

Член 11

(1) Одредбите од членовите 7, 8 и 9 од овој закон со кои се менуваат членовите 10, 11 и 12 ќе се применуваат до завршувањето на академската 2021/2022 година. По завршувањето на академската 2021/2022 ќе се применуваат одредбите од членовите 10, 11 и 12 на Законот за субвенциониран студентски оброк („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 31/20).

(2) Одредбата од членот 10 од овој закон со која се додава нов член 12-а ќе се применува до завршувањето на академската 2021/2022 година.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.